Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

---

# З А П И С Н И К

од Четвртата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 13.06.2018 година

Скопје, јуни 2018 година

ЗАПИСНИК
од Четвртата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 13.06.2018 година

Седницата започна во 14:00 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Советот, Фани Каранфилова Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Софија Кузмановска, Министерство за економија, Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство, Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика, Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа, Христина Конеска Бероска, Секретаријат за европски прашања, Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Мимоза Богданоска Јовановска, Македонско научно друштво Битола, Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје, Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи, Миљазим Мустафа, Министерство за правда, Маја Лазареска Јовеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сафет Незири, Министерство за образование и наука, Гордана Ивановска Велковска, Министерство за култура, Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

На седницата присуствуваа и: Виктор Митевски, како замена за Катерина Јовческа, Министерство за финансии, Ангелина Јовановиќ, како замена за Сашо Секуловски, Министерство за животна средина, Горан Лазаров, како замена за Андреја Стојковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк- Центар за европски стратегии Скопје, Данаил Каров,

Министерство за финансии, Сања Богатиновска, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија, Маја Петковска-Лесес, кабинет на министерот Роберт Поповски, Филип Чапароски, Национален демократски институт и претставници на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, Сузана Никодијевиќ-Филиповска и Загорка Видоевска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

*

* *

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Третата седница на Советот, одржана на 30.5.2018 година

1. Предлог-Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020

2. Прашања и предлози

*

* *

Советот го усвои Записникот од Третата седница, одржана на 30.5.2018 година, дополнет со коментарите од Софија Кузмановска, Министерство за економија.

*

* *

**<u>Точка 1</u>**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор пристапи кон разгледување на предлогот на мислењето на Советот по Предлогот на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, подготвен од Одделението за соработка со невладини организации, врз основа на предлозите добиени од членовите на Советот.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска отвори дискусија по оваа точка.

Ирена Цветковиќ посочи дека во мислењето во активноста 17.3. Обезбедување поддршка за професионален развој на наставниците, стручните служби и директорите во основните и средните училишта, во врска со граѓанско образование, треба да се дополни забелешката во индикатрите 1 и 2 да се опфатат и стручните служби и директорите.

Христина Конеска – Бероска предложи во мерката 18. Вклучување на граѓанските организации во подготовка на преговарачките позициите и преговори со Европската унија, да се додаде зборот „процесот". Во делот на програмирањето и следењето на искористеноста на фондовите на претпристапната помош, таа посочи дека Секретаријатот за европски прашања е надлежен во делот на програмирањето, а следењето на имплементацијата на проектите е во надлежност на Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерство за финансии, што треба да се додаде во делот Одговорни институции. Побара индикаторот 2 Број на информативни билтени кои се доставуваат до граѓански организации од активност 19.1 да се избрише. Во врска делот од мислењето поврзан со регистрацијата на проектите во ЦДАД базата на Секретаријатот за европски прашања и признавање на ослободувањето од ДДВ од моментот на започнувањето на активностите на проектот и потпишаниот договор со донаторот, а не од моментот на одобрување на барањето за регистрација на проектот, појасни дека тоа не е можно да се имплементира со сегашната законска регулатива. Таа додаде дека Секретаријатот за еворпски прашања презема активности за олеснување на овој процес преку донесување на ново упатство и можност за онлајн аплицирање, за што ќе достави конкретен предлог за дополнителни активности/индикатори. Во однос на вклучувањето на граѓанските организации во работата на Националниот инвестициски комитет (НИК), таа истакна дека тоа е веќе имплементирано преку вклученост на претставници на граѓански организации во Секторските работни група за програмирањето на ИПА 2, што го сочинуваат техничкото ниво на НИК.

Душан Томиќ се осврна врз деловите од мислењето што се однесуваат на Министерството за труд и социјална политика и истакна дека носител на активностите поврзани со Законот за игри на среќа и забавни игри треба да е Министерството за финансии. Предложи во рамките на анализата на овој закон да се предвиди анализа на националните инвалидски сојузи, за да се утврди колку организации членуваат во нив. Во врска со предлогот да се утврдат спецификите на граѓанските организации како работодавачи, тој информираше дека во тек е подготовка на нов Закон за работни односи што ќе биде предмет на консултации со граѓанските организации. Во однос на останатите мерки што се однесуваат на Министерството за труд и социјална политика нема забелешки.

Виктор Митевски од Министерството за финансии информираше дека новиот Закон за игри на среќа и забавни игри е во подготовка, ќе биде спроведен процес на консултации со јавноста. Предложи во активноста 3.3 наместо „прецизен формат и обем на финансиските извештаи", да се формулира „прецизирана форма и

содржина на финансиските извештаи“. Тој оцени дека предложената мерка 3-а Измена или носење на нов Закон за сметководство на непрофитните организации и носење на нов подзаконски акт за содржината и формата на сметковниот план веќе е опфатена со мерката 3. Уредување на начинот на евидентирање и финансиско известување на деловните настани кои произлегуваат од вршењето на дејности со кои може да се стекне добивка, со што не се согласија членовите на Советот од редот на граѓанските органзиации. Сабина Факиќ укажа дека измената на Законот за сметководство на непрофитни организации е предлог на Мрежата за финансиска одржливост на граѓанските организации, а Јасна Мандиќ нагласи дека сметководствените услуги, особено поделбата на даночни и неданочни обврски претставува дополнително оптоварување за граѓанскиот сектор.

Во однос на предлогот за формирање посебен Фонд за кофинансирање на европските проекти и институционална поддршка, Виктор Митевски објасни дека Министерството за финансии ги подржува иницијативите за правилна и транспарентна распределба на буџетските средства за граѓанските огранизации, но потребно е ресорните министерства и Генералниот секретаријат да иницираат барање до Министерството за финансии во своите буџетски циркулари за обезбедување на средства за поддршка на граѓански организации. Планирањето средства за граѓански организации во една институција, која ќе ги отсликува приритетите на ресорните минитерства, би го олеснил процесот на мониторингот, евалуацијата и би ја подобрило транспатентноста и отчетноста. Појасни и дека начинот на аплицирање, одобрување и известување треба да биде ист за сите.

Ели Чакар оцени дека институционалните грантови би требало да се доделуваат преку Одделението за соработка со невладини организации, кофинансирањето на ЕУ проектите преку Секретаријатот за европски пашања, а да се остави можност за проектна поддршка за граѓански организации и во буџетите на ресорните министерства, при што начинот на аплицирање, одобрување и известување да биде единствен за сите, согласно Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

Јане Чаловски посочи дека формулацијата во мислењето поврзана со потребата од афирмација на јавно-цивилно партнерство не соодветствува во целост со неговиот предлог и дека ќе достави прецизна формулација на активности и индикатори.

Суеда Бајрами го образложи предлогот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор за нова активност 13.3. Активно вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање политики за унапредување на човековите/правата на етничките заедници, јакнење на социјалната кохезија и градење на концептот „Едно општество за сите“.

Во однос на постапката за утврдување мислење на Советот по Предлогот на Стратегијата и Акцискиот план, беа искажани различни предлози, текстот да се преработи од Одделението за соработка со невладини организации согласно

забелешите од Советот или повторно да организира состанок на работната група и да се продолжи консултативниот процес со граѓанските организации до крајот на септември 2018 година, кога Советот повторно би го разгледал на седница.

Гордана Гапиќ-Димитровска потсети дека рокот за донесување на Стратегијата утврден од Владата е до крајот на јуни 2018 година и дека е важно во изработката на Стратегијата Советот да биде што поконструктивен. Воедно побара во иднина во дневниот ред да биде наведен почетокот и крајот на седницата, поради учество на членовите на целиот тек на седниците.

Фани Каранфилова Пановска и Сабина Факиќ оценија дека квалитетот на документот е поважен од роковите и дека потребно е да се земат во предвид забелешките од граѓанските организации.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска предложи Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, во рамките на административно-техничката поддршка на работата на Советот, да го дополни текстот на мислењето согласно дискусијата на седницата на Советот, предлозите да ги инкорпорира во Предлогот на Акцискиот план и да ги достави по електронски пат до сите членови. Доколку членовите на Советот немаат забелешки на документите, Предлогот на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, заедно со мислењето на Советот, да ги достави во постапка за разгледување од страна на Владата. Доколку членовите на Советот имаат забелешки на документите, Предлогот на Стратегијата и Акцискиот план повторно да се стават на дневен ред на наредната седница на Советот.

**<u>Заклучоци</u>**

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да го дополни мислењето на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, согласно расправата на седницата на Советот.
2. Му се укажува на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да ги инкорпорира забелешките од мислењето на Советот во текстот на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020.
3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат новиот текст на мислењето на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, да ги достави до сите членови на Советот по електронски пат.

4. Се задолжуваат членовите на Советот да се произнесат по електронски пат по новиот текст на мислењето на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020.
5. Новиот текст на мислењето на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 да се смета за утврден на денешната седница на Советот, доколку за него позитивно се произнесат мнозинството од вкупниот број членови на Советот и мнозинството од вкупниот број членови од редот на граѓанските организации.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка од Дневниот ред немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

Седницата заврши во 16:30 часот.

Наредната седница на Советот ќе се одржи во септември 2018 година.

Претседател на Советот за соработка со и
развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвил: Загорка Видоевска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска